

**КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ**

роден како **Никола Крсте Неделков**

(16 декември 1912 – 2 септември 1941) — истакнат македонски поет и комунист меѓу двете светски војни.

# БИОГРАФИЈА

- Коле Неделковски бил роден во селотоВојница, близу Велес, на 16 декември 1912 година. Тој бил син на бедно земјоделско и сиромашно семејство. Своето основно образование во започнал во локално подрачно училиште во с. Војница и бил одличен ученик. Гимназиското образование го започнал како велешки гимназијалец. Неделковски морал да го прекине своето гимназиско образование дури во првото полугодие од првата година, поради недостаток на материјални средства. Неделковски се преселил во Скопје и започнал да го изучува молерскиот занает. Иако Неделковски се зафатил со изучување на занаетот, сепак желбата за збогатување на своето знаење не го напуштила. Така, тој се запишал во вечерното трговско училиште. Особен интерес Неделковски пројавил кон македонскиот јазик.

- Живеејќи и опстанувајќи во работничката класа во тогашна Македонија, Неделковски ги манифестирал своите симпатии кон работниците воопшто, а зел учество и во неколку работнички акции. Поради тоа, Коле Неделковски се нашол на црниот список на полицијата, означувајќи го како државен непријател и постојано следен од агентите на власта.
- Коле Неделковси сметал дека во соседна Бугарија ќе најде подобри услови за живот, и во екот на светската економска криза се преселил во Софија. Потајно тој се надевал дека во Бугарија ќе може послободно да твори. Сепак, Неделковски се измамил во однос на двете работи. Неделковски најмногу се разочарал од фактот што поголемиот дел од македонските емигранти во Бугарија покажувале тенденција за однародување, подмамен со многу лажни ветувања и под дејство на политички пропаганди.
- Во Бугарија Неделковски се вработил како декоратер, а во меѓувреме посетувал разни курсеви, стремејќи се така да го надополни изгубеното во своето образование. Неделковски се повлекол во себе, станал интровертна личност, но и тогаш бил сомнителен за бугарската полиција, при што еднаш бил притворен. Сепак, Неделковски брзо бил пуштен од притворот и немало доказен материјал против него.

# КНИЖЕВНИ И ПОЛИТИЧКИ ДЕЈСТВА

- Коле Неделковски набрзо започнал да се занимава поинтензивно со поезијата, а во 1937 година станал член на Македонскиот книжевен кружок, другарувајќи со Никола Вапцаров, Антон Панов, Ѓорѓи Абациев, Венко Марковски и други македонски револуционерно-книжевни дејци. Дискусиите во Кружокот му помогнале на Неделковски многу при неговите први поетски обиди. Својата поезија постепено почнал да ја објавува, печатејќи ја својата прва песна во месечникот Илустрација Илинден. Шесте песни, објавени во споменатото списание, биле вовед во едно творештво, чиј резултат набргу бил евидентиран со објавувањето на неговата прва стихозбирка М'скавици во 1939 година. Со стихозбирката тој го поддржува трендот на пишување македонска поезија со македонска тематика и употреба на македонски јазик.

- Тој бил вклучен во работата на Кружокот, ги проширувал своите хоризонти со следење на една богата литература и во кругот на напредни литературни дејци. Неделковски ја подготвил за печат и својата втора збирка поезија. Во меѓувреме во 1940 година станува член на диверзантска група „Млади антифашистички борци“ и така се определил за конкретни акции против фашизмот.

- Летото 1941 година, поточно во месец август, излегла од печат збирката песни „Пеш по светот“, а дванаесет дена подоцна бил откриен од страна на полицијата како разнесувач на летоци. Полицијата ја блокирала зградата во којашто тој живеел. Сиот материјал што можел да ги компромитира неговите другари, Неделковски го уништил давајќи им оружен отпор на преследувачите. А кога веќе сè било јасно, поетот се фрлил од прозорецот на својата мансарда врз тротоарот на улицата. Коле Неделковски умрел на на 2 септември 1941година. Постојат сомневања за смртта на поетот, односо постојат сомнежи за тоа дали бил фрлен од полицајците или самиот скокнал преку прозорецот на неговата соба. Сведоците на настанот потврдуваат само дека слушнале експлозија на бомба во зградата, а потоа виделе како Неделковски паѓа на плочникот.
По Втората светска војна, на местото на настанот е поставена спомен плоча, која подоцна исчезнува.

# ТВОРЕШТВО

- Коле Неделковски се смета за еден од најреволуционерните поети во македонската литература. Неговата песна *Глас од Македонија* е една од најпознатите револуционерни песни во македонската литература. Неделковски објавил две стихозбирки:
- Молскавици (М'скавици, 1939)
- Пеш по светот (1941)

- Корицата на првата стихозбирка „М'скавици“ со посвета до Фиља и Венко Марковски

  (25.XII.1939)



# Глас од Македонија

О, трајте, трајте, тирани недни!
Доста се тија лаги и злоба —
пакосен глас од устите гадни
над мојот народ у секоја доба.

Та ете веќ векови цели
писка и стенка од волци гости –
за брата вијат кој да го дели
за да му глода сувите коски.

Па нека сега сам да си реши
со своја волја судба и сева,
в животот еднаш сам да се теши,
д'издигне славно свој род без врева.

Та Шар и Пирин дружно да викнат
родната песна в небеса темни
и бурниот Егеј — на век да плиска
тешкиот глас на новите химни.

# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО!